НОВА МАКЕДОНИЈА

# Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година I
број 11
25 ноември
2005 год.



Од состанокот со претседателите на Здруженијата на пензионерите во СЗПМ

## Нови програмски задачи за периодот од 2006 до 2008 година



Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија деновиве се одржа состанок со претседателите на Собранијата и на Извршните одбори на Здруженијата на пензионерите на кој беа разгледани Нацрт Програмата за работа на СЗПМ за период 2006-2008 година и Нацрт Акционен план за имплементација на оваа програма.

Материјалите се подготвени заедно со европската асоцијација "Денски совет за бегалци" со цел



Фото:К.ПОПОВ

да се унапреди работата на пензионерската организација во нашата земја, вклучување на поголем број учесници во работата на активностите, осмислување нови начини за соработка со органите на власта за остварување поголема заштита и унапредување на



севкупниот живот на пензионерите. Беше истакнато дека за воведување нови содржини во активноста постојните пензионерски организации ќе можат да добијат и странски донации од Европската агенција.

Во дискусијата беа изнесени конкретни предлози за подобрување на оделни предлози во Нацрт Програмите, како заеднички интерес за поцелосно согледување и реализирање на овие елаборати. Меѓу другото беа изнесени приоритетите за целосно и правично решавање на системот на усогласувањето на пензиите заради заштита и унапредување на стандардот на пензионерите, создавање услови за поголемо пензионерско учество во управувањето со средствата на Фондовите за пензиско и инвалидско осигурување и за Здравствено осигурување, за редовно снабдување на аптеките со лекови од позитивната лсита, за ослободување на партиципација за здравствени услуги на лица над 65 години, изградба на домови за стари лица и слично.

Во нацрт програмите и дискусиите беа потенцирани и потребите од натамошно осмислување на организираните форми за одмор и рекреација, спортски и културно-уметнички самодејности, подобрување на информираноста на пензионерите и друго.

**Д.Арг.**

Од работата на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ

## Краткорочни и долгорочни актуарски проекции за идната финансиска состојба во пензискиот систем

Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на 17 ноември 2005 година одржа редовна седница на која разгледа и усвои повеќе иформации и извештаи и донесе неколку одлуки од тековното работење на Фондот.

На седницата Управниот одбор го усвои Извештајот за пензискиот систем во Република Македонија со актуарски проекции, кои се користат за поддршка на пензиските реформи што се спроведуваат од страна на Министерството за труд и социјална политика и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување за зајакнување на капацитетот за развој на политиката на пензии, како и за тековното работење на Фондот.

Во Извештајот е даден краток опис на пензискиот систем во Македонија, услови за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување, основни начела на кои се заснова законот и финансирање на Фондот. Исто така, е даден краток осврт на работењето на Фондот во последните десетина години и преземените мерки за намалување на дебалансот помеѓу тековните приходи и расходи. Покрај ова, е опишано и финансиското работење на Фондот во текот на 2004 година и некои позначајни статистички податоци од спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување во истата година.

Централен акцент во Извештајот е даден на краткорочните и долгорочните актуарски проекции за идната финансиска состојба во пензискиот систем, земајќи ги во предвид демографијата и економијата во рамките на различните претпоставки на политиката на пензии. Направена е и анализа на транзициските трошоци, како и влијанието на реформите врз индивидуалните лица. Исто така, накратко се опишани и чекорите од имлементацијата на реформираниот пензиски систем и е дадена куса информација за работата на Актуарската единица.

Усвојувајќи ја Информацијата за финансиската состојба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за периодот јануари-септември 2005 година , Управниот одбор констатира дека остварените приходи и расходи се движат во рамките на планираните средства со Буџетот на Фондот и дека до крајот на годината се предвидува Фондот да ги оствари предвидените средства, со што ќе се овозможи извршување на сите обврски што произлегуваат од спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување, односно спрема корисниците на пензија.

Истовремено, Управниот одбор ја усвои Информацијата за усогласување на пензиите во 2005 година, според која Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги исполнил обврските спрема корисниците на пензија, согласно законската регулатива.

На истата седница, Управниот одбор ја разгледа и усвои Информацијата за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување за периодот јануари-септември 2005 година, при што констатира дека во овој период е намален бројот на првите барања за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, бројот на барањата за оценка на работната способност, како и бројот на поднесените жалби. За разлика од тоа е зголемен бројот на предмети за вештачење за потребата од помош и нега за остварување на надоместок преку центрите за социјална работа. Исто така, зголемување бележи и бројот на поднесените барања за остварување на правата според меѓународни договори за социјално осигурување.

За одбележување е дека бројот на поднесените жалби е намален за 24, 9 %, и тоа, пред се, како резултат на засилениот надзор и инструктажа на подрачните единици во последните неколку години.

Во извештајниот период, во матичната евиденција е зголемена обработката на податоците за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот како резултат на електронското преземање на податоците за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот од надлежните институции, врз основа на склучените договори за размена на податоците.

Треба да се истакне дека во постапката за верификација на податоците меѓу Фондот и обврзниците, со истовремено издавање на кодови (електронски потпис) е постигнат висок степен на усогласеност на податоците на осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот.

Останува Стручната служба на Фондот и понатаму да продолжи со преземање на мерки за зголемување на ефикасноста во остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, со посебен акцент на работењето во делот на матичната евиденција, во функција на пензиската реформа.

**Анастасија Нелковска**

Со повод

## Повеќе грижа за стари лица



Меѓу пензионерите во Република Македонија има голем број стари лица со ниски примања и осамени кои третото доба од животот го минуваат со тешкотии и неизвесности. Со оглед на тоа што според уставните одредби секој има право на достоинствена старост, нужно е да се преземат мерки грижата за старите лица да биде на повисоко ниво. Дотолку повеќе што во нашата земја постојат само неколку центри и домови за сместување на стари и изнемоштени лица, што е недоволно. А осамениот живот на старите лица носи неизвесности, разочараност и страхување, бидејќи има сè почести случаи на насилства, убиства и замрзнати старци.

Согледувајќи го овој проблем СЗПМ во последните години често ја потенцира поднесената иницијатива до владините институции за отворање на неколку регионални домови за згрижување на стари лица иформирање патронажни служби за непосредна помош на изнемоштени лица што живеат во селата и градовите. Впрочем, за ова треба да се ангажира и локалната самоуправа, бидејќи колективното живеење кај секое старо лице ќе создаде нов животен дух и продолжување на животот.

Пензионерските здруженија и нивните ограноци, покрај изготвување на социјални карти за членството, треба заедно со Црвениот крст да организираат и почести посети на стари лица и да им покажат дека не се заборавени и дека некој се грижи за нив. Воедно треба да се инсистира и на укинувањето на партиципацијата за лекови и лекарства на лица над 65 години.

Соодветна помош е потребна и за реновирање на постојните домови на старци во нашата земја. Во таа насока, како што е познато, Црвениот крст на Скопје, Космофон и агенцијата Њу Момент организираа успешна кампања под мото **Сите сме нивни деца - Да им по**



**могнеме на старите лица.** Од хуманитарниот концерт во Универзалната сала и од разни донирања беа собрани околу еден милион денари за извесно подобрување на условите во домовите за стари лица: „Мајка Тереза“ во Злокуќани-Скопје, „Сју Рајдер“-стар објект во Битола, "Киро Крстевски Патник“ во Прилеп и „Зафир Сајто“ во Куманово. Од овие средства, деновиве во рамките на Неделата за грижа за стари лица во домот „Мајка Тереза“ беше предаден во употреба системот за грејни тела, а како донација од Германскиот црвен крст беа дадени хидраулични кревети, инвалидски колички, кебиња и друго. Воедно за уредување на станбениот простор во овој дом Фондацијата "Мобимак за Македонија“ во соработка со градот Скопје, покрена нова доброволна акција.

Секако пензионерите и старите лица заслужуваат сигурен и пристоен живот.

**Драги Аргировски,**
**уредник на**
**„Пензионерски видици“**

***Собранието на Македонија на 21 ноември ги усвои измените на Законот за пензии со што старите правила за пензионирање ќе важат уште две години.***

***Според тоа остануваат да важат условите за пензионирање: 35 години стаж за жените и 40 години за мажите без оглед на годините на возраста или 60 години старост за жени и 63 години старост за мажи со 20 години работен стаж.***

Наши работи

# „Бизнис на пензионерски начин“



„Како ги минуваш пензионерските денови?“ - го прашувам пријателот со неколку месечен пензионерски стаж. „Сеуште не можам да кажам дека водам пензионерски живот“- вели тој. Како што гледаш сеуште добро се облекувам, посетувам пријателски компании, каде им помагам и ги советувам помладите колеги и новопечените бизнисмени“. Значи добро ти оди работата?“-повторно прашувам. „Може така да се каже, со напомена дека советничките и воопшто интелктуалните услуги тешко се наплатуваат“, заклучи пријателот.

Овој разговор ме наведе да направам една мала анкета за желбите и конкретното работно ангажирање на пензионерите. Воопшто не изненадува фактот дека кај пензионерите постои интерес за работа, кога се знае дека тоа е генерација која со својата работа и знаење, во најголем дел, го понесе товарот на индустријализацијата и изградба на нашата земја во втората половина на минатиот век. По сила на околностите, голем број од сегашните пензионери предвреме го завршија својот професионален работен век, оставајќи нереализирани идеи, планови, проекти... Работен елан постои, но можностите се ограничени. Еве неколку примери за "бизнисот на пензионерски начин“, како што некои во шега го нарекуваат.

На „берзата“ на понуда од пензионери најмногубројни се услугите за домаќинството. Се понудуваат многубројни и квалитетни услуги. Така на пример, електричанта инсталација и електричните апарати ќе ви ги поправат индустриски електричари специјалисти за слаба и јака струја, станот би ви го бојадисал мајстор кој работел на заштита од корозија во хемиска индустрија, варовникот од бојлер ќе ви го острани искусен котлар, а пак плочките во бањата може да ви ги залепи мајстор, кој обложувал металуршки печки итн.

„Малку се бараат нашите услуги“, се жалат мајсторите. „Луѓето немаат пари, па ги одложуваат поправките до последен момент или сами поправаат колку што можат и умеат“.

Пензионерите прифаќаат работа на одржување на влезови во зградите. Одржувањето на хигиената во сопствената зграда пензионерот го прифаќа како предизвик за да покаже дека хигиената и редот можат да бидат на повисоко ниво. Со квалитетот и превземањето на дополнителни работи како одржување на зеленилото и кругот, го привлекува вниманието на станарите од околните згради, па така би ја проширил работата и би ја осигурал егзистенцијата.

Најголемиот број на пензионери, сепак, се занимаваат со трговски работи. Одреден број на пензионери просто се опседнати од т.н. "продажба на повеќе нивоа“ или мултилевел продажба. При секоја средба тие ви ги презентираат предностите на артиклите што ви ги нудат. Своето добро здравје и младешки изглед го објаснуваат со конзумирање на здрава храна или примена на фармацевско-козметички производи од нивната палета. Нема да забораваат да се пофалат со добрата заработувачка и начинот на работа. Само малкумина од нив ќе ви ги воочат стапиците во кои можете да западнете, ако се впуштите во таков вид на заработка. Потребно е многу време,труд и трошоци за да се остварат одреден број на поени, а кога ќе ја очекувате наградата за вашиот труд, обично, се случуваат промени во компанијата или се повлекува филијалата од земјата.

Од анкетата дојдов до заклучок, дека најкорисна општествена работа вршат пензионерите кои произведуваат градинарски култури во своите градини, или го обработуваат одамна напуштениот и запоставен имот на село. Оваа група на пензионери-бизнисмени се среќава со одредени тешкотии за пласман на производите, ако се има предвид ниската откупна цена, наспроти високите транспортни трошоци.

Во разговор, пензионерите ќе ви речат дека желбата за работа доаѓа од пуста желба да не се заборави занаетот, да не се заборави странскиот јазик, да се биде едноставно корисен. Меѓутоа, ако навлезете подлабоко во проблемот „пензионер-бизнисмен“, ќе наидете на некој егзистенционален проблем како на пример, мала пензија, скапи лекови, невработени деца...

Како и да се снаоѓаат нашите пензионери, од време-навреме, во едно се единствени. Тие не сакаат да му ја одземат работата на некој млад човек. Напротив, ако работата дојде до ниво и обем интересен и исплатлив би ја препуштил на некој член од семејството. Денешниот пензионер со својата пензија многу често издржува цело семејство, каде ни синот ни снаат не се вработени, а тој место покрај тезга на „Зелено пазарче“ би бил во парк со своите внуци, уживајќи во мудроста на своите години и пензионерските денови кои и како ги заслужил.

**Драго Стојанов, пензионер од Скопје**

Признанија



*Од врачувањето на наградата “11 Октомври”*

# Ремзи Бала - добитник на наградата „11 Октомври“

Меѓу годинашниве добитници на највисоката републичка награда „11 Октомври“ е и пензионерот **Ремзи Бала,** познат дефектолог. При врачувањето на оваа високо признание, меѓу другото, беше истакнато:

Ремзи Бала е човек со посебна надареност, кој со хуман и стручен настап, повеќе од две и пол децении, постигнува евидентни успеси во решавањето на проблемите на хендикепираните и сиромашните лица. Како вистински ентузијаст, со мирен и тивок пристап успеал да им помогне на илјадници хендикепирани, безнадежни и бедни лица за излез од очајот, кои во спротивно би завршиле во пустош на растурени фамилии и општа незгриженост.

Тој ја анимираше светската јавност за тешката положба на хендикепираните и сиромашни лица, со што придонесе да пристигне хуманитарната помош и со тоа да се спречи хуманитарна катастрофа. Ремзи Бала со својата популарност кај сите конфесии и етникуми во голема мера придонесува во смирувањето на меѓуетничките тензии во Република Македонија.

Во својата несебична работа, како добротворен хуманист работеше со сите категории на хендикепирани, незгрижени и сиромашни лица. Со свои средства, без надоместок, тој им нуди непосредна материјална и друга помош на повеќе незгрижени лица и нивните семејства во најзаостанатите места на нашата држава.

**-Да се добие ова високо признание значи многу и тоа ми дава голем поттик за мои натамошни делувања како човек хуманист, бидејќи мои идоли се легендите на добротворството: Св. Френсиз, Св. Еразмо и секако Мајка Тереза, потенцира Ремзи Бала.**

Тој ниту по пензионирањето не престанал со своите активности, во Република Македонија формирал здружение „Хендикепирано лице“, а сега е во фаза на формирање институт кој ќе ги згрижи и рехабилитира хендикепираните лица, со цел за нивна ресоцијализација и оспосбување за работа и егзистенција како и за превенција на хендикепираноста во нашата држава.

Неговата севкупна стручна активност и ангажираност во организирањето и реализирањето на овие хумани дејности, посебно во згрижувањето на хендикепираните лица, е со високи етнички вредности, што треба да бидат пример и на новите генерации.

**Д.Аргировски**

„Макинова 2005“

# Златен медал за Ристо Пановски

Во рамките на „Техномa“ во Скопски саем се одржа и 25. јубилејна Меѓународна изложба на иновации „Макинова 2005“, на која беа изложени најновите пронајдоци, технички унапредувања и нови производи. Беа претставени 115 иновации од кои 75 беа од домашни автори. Меѓу нив беше и **м-р Ристо Пановски**, член на Собранието на Здружението на пензионерите на општина "Центар“-Скопје, кој годинава доби **Златен медал** за пронајдокот: Перфорирана носечка платформа за сушење на тутун без нижење, од што може да има големи заштеди.



Со својата љубопитност и динамичност Ристо Пановски како дипломиран инж. агроном и докторант на индустриска микробиологија- биотехнологија има работено на повеќе иновации.

На Скопски саем по трет пат се одржа и Меѓународната саемска изложба „Еконова 2005“, единствена на Балканот, на која беа презентирани иновации од областа на екологијата, животната средина и заштита на човековата околина. И на оваа изложба **Ристо Пановски** заедно со **Митко Стевчев** доби признание за експонатот: Алиментација на протеински извори на храна за луѓето и животните.

-Овие две признанија се голема сатисфакција за мојата научна работа, што, иако сум пензионер, ќе ми даде стимул за натамошни ангажирања, истакна Пановски.

**Д.Арг.**

# Меѓуопштинска соработка на пензионерите

Минатата година Здруженијата на пензионери од **Кавадарци, Прилеп и Гевгелија** започнаа да ја реализираат манифестацијата „Пензионерите пеат“. Ним им се приклучи и КУД "Сирма војвода“ од **Битола**, а од оваа година и пензионерите од **Богданци**. Културно-уметнички друштва, пејачки групи,вокалисти и инструменталисти кои работат во рамките на Здруженијата на пензионери, исполнувајќи песни од богатата ризница на македонскиот народен мелос. Програмата се дополнува и со поезија и хумор по избор на домаќинот.



*Концерт „Пензионерите паат“*

Концертите се бесплатни за пензионерите и мошне добро посетени. Бидејќи овој начин на меѓусебна соработка кај пензионерите наидува на добар прием и одобрување, во тек е изработка на програма за 2006 година која ќе биде дополнета со нови облици.

Со годишна програма за соработка, Здруженијата од овие градови ја определуваат содржината на манифестацијата, датумот и местото на одржување. Досега се организирани осум заеднички концерти и тоа по два во Прилеп, Кавадарци и Гевгелија и по еден во Битола и Богданци. Летово, гевгелиското здружение манифестацијата ја изведе во излетничкото место Смрдлива Вода на Кожуф Планина каде освен концертот, учесниците и другите присутни, можеа и да се рекреираат и ги почувствуваат убавините на планинскиот амбиент.



На приредбата настапуваат ... Така, освен на културно-забавен план, ќе се внесат и рекреативни содржини со кои ќе се опфатат посети и престој во наши познати историски и излетнички места, ќе се одбележат и значајни настани, а особено ќе се негува меѓусебното дружење и забава.

**Ф.Костадиновска**

# Клубот на пензионерите- пристојно место за забава и релаксација

Деновиве пензионерите од **Пробиштип** се здобија со пристојно место за одмор, забава и релаксација. Имено, клубот на пензионерите кој беше целосно руиниран,особено подот, доби нов лик со што им овозможи на граѓаните од трета животна доба да добијат место каде ќе можат да го поминуваат слободното време, а истовремено да се забавуваат, рекреираат и спортуваат.

Клубот веќе неколку години целосно го беше изгубил својот лик и не прилегаше на место за кое беше наменет. Благодарејќи на Фондот на ПИОМ, кој најде разбирање за состојбите на истиот, беа доделени средства, на тендер избран изведувач, и по двонеделно ангажирање на работната група проблемот беше симнат од дневен ред. Целосно е променет подот, извршено е фарбање на столаријата, а беше варосана и просторијата.

Останува уште да се преуреди делот на кујната, за што раководството на Здружението на пензионерите од Пробиштип верува дека и за овој дел ќе се најде разбирање кај одговорните во Фондот на ПИОМ.

Инаку, клубот дневно го посетуваат во просек над 200 пензионери и пензионерки, кои тука наоѓаат одишка од секојденвните проблеми преку играње на шах, пинг-понг, билијард, пикадо, карти, а можат и да се освежат со кафе, чај или пиво.

Местоположбата и околината на пензионерскиот дом во Пробиштип се идеално место за одмор, што е и причина да се води поголма грижа за негово одржување.

**М.Здравковска**

## Во посета на...

Здружение на пензионери во Штип

# Редовна регионална соработка


Михаил Кралев

Пензионерската организација во градот под Исарот има околу 7.200 членови и е една од поголемите и поактивните во нашата земја. Активноста главно се одвива преку Извршниот одбор на Здружението, како и во 12 ограноци и секогаш се настојува членството да биде фокусирано за сите актуелни прашања од пензионерскиот живот.

Претседателот на Здружението на пензионерите во Штип **Михаил Кралев** посебно ја истакна редовната соработка со сите пензионерски асоцијации во источниот дел на Македонија, а особено со Струмица, Радовиш, Свети Николе и Велес. Редовни контакти се одржуваат и со локалната самоуправа, со Сојузот на борците, со Здружението на инвалидските пензионери, како и со други невладини организации. Во последно време спроведена е и заедничка акција за согледување на потребата од изградба на старечки или геријатриски дом во Штип, како региоанлен центар за неколку градови од Источна Македонија. За ова намена ќе треба да се адаптира едно одделение од Медицинскиот центар или просторија од старата гимназија, а се бараат и донатори.

Според претседателот Кралев основен проблем се и ниските пензии на поголем број пензионери во општината, што се одразува и на животот на повеќе семејства, кои неможат да ја совладаат сиромаштијата. Пензионерите не се задоволни и од снабденоста на аптеките со лекови од позитивната листа.

Учествувајќи во разговорот секретарот на здружението **Михајло Протуѓеров** потврди дека соработката со здруженијата во регионот е на завидно ниво, така што за сите одлуки што се од посебен интерес за пензионерите се зазема заеднички став, а се организираат и заеднички екскурзии, како и приредби и натпревари за збогатување на културно-забавниот и спортски живот на пензионерите. Комисијата за стандард и економски прашања при Здружението на пензионерите во Штип големо внимание посветува на снабденоста со огревно дрво на членството, износот од Солидарниот фонд за секој починат член е зголемен на 30.000 денари, а со партиципацијата од 50 отсто на патните трошоци за екскурзии и 30 отсто за бањско лекување, заинтересираноста на пензионерите значително е зголемена. Со воведувањето на овие партиципации, вели Протуѓеров, во последните дветри години бројот на корисниците на бањско лекување во Банско, Негорци, Катланово и летувалиштето во Претор, е зголемен од 30 на 200 членови, а за посета на културно-историските споменици во нашата земја масовноста е сè поголема. Годинава е направена посета на Валандово, Ораовец, Дојран, Кичево, Прилеп и други.



Во Штип постојат два пензионерски клуба, од кои едниот во рамките на Здружението и тоа работи двократно, а во Домот на пензионерите има 12 гарсоњери за пензионерите.


Културни самодејности

Штипските пензионери добри успеси имаа и на јубилејните десети републички спортски натпревари, меѓутоа се смета дека со добра организација ќе можат подобри резултати да се постигнат и на полето на културните самодејности, бидејќи во градот под Исарот има богата културна традиција.

**Александар Гарвански**, потпретседател на Здружението нагласи дека мешовитиот хор веќе не постои и се чувствува голема потреба тој да се обнови, а регионалните ревии укажаа и на потребата од негување на изворен фолклор. За остварување на поголем подем на културните самодејности можат да придонесат и размената на гостувања со пензионерите од Велес, Тетово, Гостивар, Струмица, Гевгелија, Кавадарци, Свети Николе и други. На остварување на оваа задача се очекува поголема активнсот и на Активот на жените, што во рамките на Здружението делува, со претседателката Сашка Пуриќ.

-Работиме домаќински и средства за оваа намена ќе можат да се обезбедат, заклучи претседтелот Михаил Кралев, со искрени пофалби за "Пензионерски видици" и за локалните медиуми со кои соработуваат.

**Драги Аргировски**

Здружение на пензионери во Радовиш

# Нови релации на активности


Костадин Костов

Уште на почетокот треба да кажеме дека оваа здружение делува во општините Радовиш, Подареш и Конче, со околу 3.300 пензионери од сите категории: старосни, семејни и инвалидски.



-На сите пензионери им е дадена можност да учествуваат во активностие што ги организираат органите и телата на Здружението, вели претседателот **Костадин Костов**. Според него авторитетот на здружението во градот и трите општини е сè поголем, а нови релации се создаваат по децентрализацијата со новата улога на локалната самоуправа, што се очекува да создаде и нов предизвик за поголеми активности на пензионерската организација.



Здружението има 9 ограноци и Клуб на пензионери во Радовиш, кој е еден од најдобро уредените во нашата држава. Овде секојдневно претстојуват од 40 до 50 пензионери кои времето го минуваат во играње шах, карти, домино, во читање весници, следење на ТВ програма и слично.

Во минатата година на културно-уметнички, музички и рекреативни активности, поточно на музички викенди и посети на манастири во Ораовец, Неготино, Дојран и Валандово, на музички средби во Радовиш, Штип, Свети Николе, Струмица, Неготино и Велес, на екскурзии во Охрид, Демир Хисар и Кичево, на рекреативен одмор во Банско, посета на концерти, театриски и балетски претстави и во спортски активности учествувале вкупно 2.110 членови или 64 отсто од вкупниот број на пензионери на оваа здружение.

Во сите овие активности сè е поголем бројот и на пензионерки, благодарејќи на ангажирањето и на Активот на жените.

**Љупчо Спасов**, претседател на Комисијата за спорт, рекреација и култура на Здружението на пензионерите во Радовиш потенцира дека и годинава се постигнуваат добри резултати во масовноста и досега се посетени манастирите "Свети Јован Бигорски", "Матка" и Лесново, потоа Беровското Езеро, Ваташа, Велес, Тетово, Свети Николе, како и меморијалниот музеј во Пелинце.

Зголемено е интересирањето на пензионерите и за бањско лекување, бидејќи Здружението партиципира со 30 отсто.

Здружението учествуваше и на Десеттите јубилејни пензионерски спортски натпревари на Македонија во Велес, како и на регионалната Фолклорна ревија во Кочани.

При посета на Струмица околу 110 пензионери присуствувала на театарска претстава "Големо чудо", а на традиционалната музичка вечер во Радовиш 160 пензионери и нивни гости создале пријатна атмосфера.

Да напоменеме и тоа дека преку локалните средства за информирање: ТВ "Еми" и Радио Радовиш, Здружението на пензионерите редовно ја информираат јавноста за својата работа и со соопштенија ги најавуваат позначајните претстојни активности.

**Д.Арг.**


Јован Маркудов

Здружение на пензионери – Валандово

# Значајни активности

Иако по број мало, Здружението на пензионерите во Валандово има значајни активности. Претседател на Извршниот одбор и на Собранието на ова здружение е **Јован Маркудов**, кој со својата енергичност и ентузијазам придонесува да се остваруваат повеќе активности, со кои валандовските пензионери не само што ги реализираат програмските задачи, туку ги надминуваат.

-Придонес за тоа ни дава нашата добра организациона поставеност и добрата соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, нагласи Маркудов. Здружението има околу 1.400 пензионери, старосни, инвалидски и семејни, кои делуваат во шест ограноци, од кои пет во селските населби и еден во градот. Ограноци работат во Валандово и во селските населби Удово, Јосифово, Пирава, Брајковци и Чалакли. Во составот на огранокот во Валандово се и пензионерите од Раброво, а огранокот во Чалакли, кое е населено со турско населние, ги опфаќа и околните турски села: Дедели, Башибос, Прстен и други. Во селата Удово и Пирава делуваат и пензионерски клубови, а во Валандово има добро уреден Дом на пензионери, со две сали, пензионерски клуб и две канцеларии за Здружението. Тука се и четири гарсонери, во кои се сместени пензионери.


Признанија за стрелците Славчо Гоцков и Трајче Крстев

-Соработуваме и разменуваме искуства со сите здруженија од Вардарскиот регион, вели претседателот Маркудов, како што се Гевгелија, Богданци, Стар Дојран, Неготино, Кавадарци и Велес, како и со пензионерите од Струмица, Радовиш и други.




Годинава Здружението на пензионери во Валандово беше домаќин на десетите регионални спортски игри на кои присуствуваа околу 250 пензионери од овој регион. Здружението учествуваше и на регионалната фолклорна ревија во Неготино, со две песни на македонски и една на турски јазик.

Во Здружението работи и Активот на жените. Се организираа неколку екскурзии, посета на манастирот "Свети Јоаким Осоговски" во Крива Паланка, новата црква во Радовиш, Смоларските водопади и други.

Во Здружението на пензионерите во Валандово беше изразена и подготвеност успешно да се вклопат и во Акциониот план за имплементација на Програмата за работа на СЗПМ во периодот од 2006 до 2008 година.

**Д.Арг.**

# Грст стихови за месецот на книгата

*Пензионерките - поетеси од Куманово, Кочани и Пробиштип, на љубителите на пишаниот збор им подарија прекрасни песни за месецот на книгата*

При крајот на октомври, а во рамките на месецот на книгата, Активот на жени-пензионерки при ЗП Пробиштип организираше еднодневна поетска средба на која со дел од својот поетски опус се претставија пензионерките-поетеси од Куманово, Кочани и Пробиштип, а на нив им се придружија и членовите на литературните клубови и секции од училиштата.

Беше вистински празник за душата кога во полната сала на Домот на пензионерите во Пробиштип прозвучија стиховите на **Љубинка Давидовска** од Кочани која зад себе има 22 книги поезија и проза за деца и возрасни, потоа **Божана Трајковска, Миланка Миловановиќ-Зафирова, Надежда Булатовиќ и Борјана Раликј** од Куманово, како и поетесите од градот домаќин **Јадранка Горгиева-Златева, Александра Алексовска, Анка Георгиевска и Рајна Јанковиќ**. На поетското чествување, а во чест на месецот на книгата со свои творби се претставија членовите на литературната секција при ЦОУ "Никола Карев" и литературниот клуб "Процвет" при Домот на културата од Пробиштип. Големо беше задоволството да се проследи спојот на стихови помеѓу зрелата генерација поетеси и младите кои што туку забраздиле во светот на поезијата.

Средбата и прекрасниот идиличен есенски ден беа искористени за посета на монументалниот споменик на културата од почетокот на 14-от век, манстирот "Св.Гаврил Лесновски" во селото Лесново, при што гостите беа запознати со неговото културно, историско и образовно значење не само за овој крај, туку и пошироко. Беше посетена и единствената минералошка збирка преку која е прикажана хронологијата на развојот на рударството во Македонија, особено во рудниците "Злетово", со несекојдневните кристали што може да ги создаде само природата, а кои претставуваат вистински бисери во рударството.

Неодминлива беше и посетата на етнолошката збирка при Домот на културата, која е формирана пред една година, а секојдневно се збогатува со по некој нов експонат и постои можност да прерасне во музеј.

**Милевка Здравковска**

Промоција

# Прва поетска книга на Сава Таховска, пензионерка од Скопје

Во мошне пријатна атмосфера беше промовирана првата поетска книга "Лет на крилата на љубовта" од Сава Таховска, пензионерка од Скопје. Во полниот Салон 19,19 во Скопје книгата ја претстави пензионираниот артист Борис Мајсторов, кој во свој познат стил мошне успешно интрепретираше неколку извадоци од делото. Промоцијата беше збогатена и со музички настап на хорот "Кочо Рацин", во кој членуваат повеќе пензионери. Впрочем и песната што ја објавуваме е посветена на пензионери, со убава и поучна содржина, со прецизна, нескротлива и хармонизирана рима.

**Д.А.**

## *Подај рака*

*Вие млади-застанете, бидете хумани*
*не бегајте на сите страни*
*пред, - за рака да се фатите*
*го гледате оној човек стар?,*
*дајте му на дар*
*една насмевка*
*на таа душа кревка,*
*или еден допир*
*да му внесе мир*
*на тој стар човек*
*што го изодува својот век,*
*а тој многу не бара*
*само полесно да ја мине добата*
*стара,*
*и Бога го моли*
*да не го боли*
*и секој со својот ген*
*да живее макар уште еден ден.*
*Помогнете му, тоа ништо не ве чини*
*меѓу нив има прекрасни луѓе- фини,*
*и направете еднаш само*
*подајте му рамо,*
*да се потпре на вас*
*за него и тоа е спас,*
*и тој некогаш бил млад човек*
*а сега му треба лек*
*кој може да е и еден збор*
*или разговор,*
*да заборави на староста*
*да се сети на младоста*
*и болката ќе мине*
*ќе слушнете - фала сине.*
*И кога тоа ќе го слушнеш*
*не заборави да го гушнеш*
*нему му треба топлина*
*од душа фина,*
*таа топлина надеж му буди*
*зошто му студи*
*да, таа надеж да се врати*
*што не може со пари да се плати*
*и ако тоа го прават сите млади*
*еден ден, Бог ќе ве награди,*
*вашата старост*
*да ја дочекате со радост.*

## *Писмо до Редакцијата*

Од неодамна сум пензионер и почнав да го читам додатокот "Пензионерски видици". Ми се допаѓа, бидејќи информира за нас пензионерите, за случувањата во врска со пензионерскиот живот и активностите на пензионерските здруженија. Со цел истиот да биде уште подобар, а со тоа и почитан ги предлагам следните нешта:

Како прво предлагам додатокот да прерасне во весник и него да го добива секој пензионер. Ако неможат да се издвојат средства од оние што сега ги издвојуваме, предлагам да се издвојува плус еден денар. Бидејќи пензиите се доста ниски, а пензионерскиот живот оптеретен со доста давачки имам уште еден предлог, а тоа е тие што земаат мали пензии да го добиваат без надомест, а тие со повисоки примања да издвојуваат повеќе. Ова мора да се одреди по добра анализа и согласно со волјата на здруженијата, односно пензионерите.

Ако биде весник предлагам покрај постоечките, да ги има и следниве содржини:

- анегдоти,
- занимливости,
- афоризми
-литературни прилози
-рецепти (ефтино, брзо, вкусно)
-совети за (здрава храна, додатни мали бизниси, правни и друго)
-вие прашувате
-ваша страна

Секако дека не сум опфатила се што ги интересира пензионерите, но затоа не има 270.000. Тоа не е малку. Тоа е една осмина од населението на Република Македонија. Уште многу умни и интересни предлози ќе дојдат. Точно е дека кај пензионерите не е енергијата, но кај нас е мудроста и искуството собирано со години. Можеме животот да си го направиме поинтересен со помошта на овој весник или додаток. Со надеж дека со ова се сложуваат моите колеги ги поздравувам и им пожелувам се најдобро.

**К.С.Андонова**
**Скопје**

Пензионерски пасии

# Дрвените минијатури на Славко

Во кумановското село Пчиња живее пензионерот Славко Цаневски, кој по службувањето во поранешната Орашачка општина и во пчињското селско училиште, скоро петнаесетина години ги чувствува благодетите на пензионерското живеење. Неговата немирна природа не го остава мирен и во третото доба од животот. Во дворната површина на неговата куќа постојано е ангажиран.



- "Јас поинаку не можам и не знам. Работата е дел од мене, ме одржува, а и задоволство е да посадиш и да го набљудуваш растењето на кревките стебленца, зреењето на овошките или раздвиженоста на живината и добитокот. На село има работа, но не е така лошо да се живее како што многумина мислат", вели Славко, не криејќи притоа дека кормилото на активностите го води неговата домаќинка Цвета. "Животот го поминавме заедно. Да не е таа не би знаел што да правам, иако е вистина дека и помагам во потешките домашни работи".

-Како сега се сеќавам, раскажува Славко, татко ми Милош беше одличен дводелец. Што се вели вистински мајстор на занаетот. Најверојатно од него сум го наследил талентот што последните неколку години и јас му се посветив на дрвото. Во зимските денови кога студот го ограничува движењето и полските работи, без посебен алат со нож и вжештено сврдле од бука и слива направив стотици минијатурни предмети што ги отсликуваат старите земјоделски и текстилни алатки и домаќински садови.

На тој начин, вели Славко, сакам да го доближам минатото од нашите предели, истовремено да потсетам дека нашето време беше потешко отколку денешното. Се ораше со плуг, ткаеше со разбој, се јадеше на триножна маса. За да ја постигнам автентичноста на предметите работев со исклучителна посветеност и концентрација не мерејќи го потрошеното време. Притоа се релаксирав и заборавав на проблемите од секојдневието.

Славко Цаневски сите го знаат како сестран активист во Пензионерската организација.Ги мобилизира пчинските пензиоенери во добро и зло. Како докажан член од базата беше избран за член на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите во Куманово и е еден од најактивните членови. Тој посебно се гордее со изложбата на неговите дрвени минијатури што минатата година беше приредена во Центарот за култура во Куманово. Тоа му дава охрабрување и натаму да продолжи со изработка на овие интересни минијатури од дрво.

**Т.Антиќ**

Фото вест

Шах

# Најдобра екипита на Кисела Вода



Фото: Томе Манов

По повод 13 ноември, Денот на ослободување на Скопје, во салата на Домот на пензионерите во Аеродром се одржа шаховскиот турнир на кој учествуваа екипи на Здруженија на пензионерите од скопските општини. Првото место го освои екипата на Кисела Вода, пред МВР-Скопје, Центар, Карпош ,Гази Баба, Чаир и Ѓорче Петров.

Турнирот го отвори **Крсте Ангеловски**, претседател на Градскиот сојуз на пензионерите, а во името на домаќинот- за значењето на овие шаховски средби говореше **Петар Стојановски,** претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на Кисела Вода.

**Д.А.**





Победничка екипа на Кисела Вода